## Писмо од уредникот

*Почитувани читатели
на Македонски стоматолошки преглед,*

*Уредувачкиот одбор тешко се одлучува да им се обраќа на читателите поради нешта со кои најмногу би сакале да не се сретнуваме.
По многу години редовно излегување на нашето единствено стручно списание, последниве се наоѓаме во процеп.
Веројатно нема да ви звучи туѓо ако Ви соопштиме дека финансиските проблеми со кои се судруваме се закануваат да ги надминат нашите напори да излеземе и овојпат, и следниот, во постојана надеж дека работите во иднина ќе се изменат на подобро. Можеби ова писмо и не би ви го упатувале, ако се уште не добивавме барања од поединци да бидат приклучени во претплатничката листа на МСП или од медицински центри низ Републикава за продолжување на претплатата.
Тие писма не обврзуваат да ги мобилизираме сите сили и да опстанеме и во овие времиња на невреме, па затоа, драги читатели, дозволете ни во таа борба да сметаме и на вас и на вашата уредност во уплаќањето на вашата годишна претплата, која, патем, е симболична, споредена со трошоците за графичките услуги пресметано по примерок од МСП што го добивате. Тука не можеме да ги заобиколиме ниту медицинските центри во Македонија, кои се сите, до еден, вклучени во нашата листа за дистрибуција, а само незначителен дел ги исполнуваат и своите обврски кон нас како издавачи на списанието.
Што да направиме за вашето и наше списание да го извлечеме од кризава? Почитувани читатели, колеги, ако немате друго на ум, ве молиме, свртете ја првата страница на МСП и во алинејата со адресата ќе ја најдете нашата жиро сметка.
Уплатете ја сумата за годишна претплата.
Не ви ветуваме добивка на некоја лотарија, туку само редовно добивање на Македонски стоматолошки преглед во вашето поштенско сандаче.*

*Со колегијални поздрави*

*Е. Мирчев*